Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 134/0306
16.08 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на **31.07.2024** година, врз основа на примена жалба од **Живка Маџовски** ја донесе следнава:

# МИСЛЕЊЕ

## Жалбата е основана

**Видео сторијата на онлајн медиумот Портал Икс (portalix.com) под наслов ,,*Мајката не го зборува македонскиот јазик, медицинската сестра се одмаздува на бебето*" , објавена на 12.07.2024 г., отстапува од етичките и професионалните стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До Комисијата за жалби при СЕММ, преку Извршната канцеларија, на 18.07.2024 година е доставена жалба од Живка Маџовски во која се наведува дека во видео сторијата на онлајн медиумот Портал Икс, новинарот  Фуркан Салиу презентира обвинувања против неа кои тешко го нарушуваат нејзиниот углед како медицинска сестра, изнесува клевети против неа и еднострано ги презентира фактите, спротивно на членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

Натаму, таа нагласува и дека новинарот нема направено обид да ја контактира и да ја изнесе нејзината страна на приказната, особено затоа што на нејзина адреса пласира сериозни обвинувања за тоа дека ,,... извршила насилство над тримесечно бебе и дека персоналот на клиниката го нападнал бебето”, што, според неа не се случило, односно станува збор за клеветнички навод. Таа додава и дека прилогот е пристрасен, на што упатуваат и наведувачките прашања на Салиу кон неговиот единствен извор, како на пример: ,,Мислите дека се одмаздува на бебето бидејќи мајката не зорува македонски јазик?”.

## ОДГОВОР ОД МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот на жалбата, побара од медиумот да се изјасни за наводите на жалбата.

До Комисијата за жалби на СЕММ, до датумот утврден според Правилникот за работа на Комисијата, медиумот не испрати одговор, иако регуларно беше контактиран од Извршната канцеларија и известен за пристигнатата жалба и наводите во неа.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА**. Видео сторијата на онлајн медиумот Портал Икс (portalix.com), под наслов ,,*Мајката не го зборува македонскиот јазик, медицинската сестра се одмаздува на бебето*”, објавена на 12.07.2024 година, отстапува од етичките и професионалните стандарди. Прекршени се членовите 1 и 8 од Кодексот на новинарите на Македонија. Комисијата, исто така, оцени дека има и елементи на прекршување на членовите 10 и 13 од Кодексот.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата го разгледа спорниот видеоматеријал и утврди дека, иако се однесува на сериозна тема која во себе може да содржи висок степен на јавен интерес – медицински третман на бебе во јавна здравствена установа, медиумот постапил непрофесионално и спротивно на етичките стандарди: информирал без да ги собере фактите од сите засегнати страни, наведувачки и сензационалистички, во манир на пропагандистичко новинарство со претпоставени цели познати само на медиумот. Новинарот, односно медиумот, на тој начин ја дезинформирал јавноста за целиот случај.

Комисијата заклучи дека уште со насловот на видеосторијата - ,,*Мајката не го зборува македонскиот јазик, медицинската сестра се одмаздува на бебето*", медиумот носи заклучок без да го поткрепи со аргументи и постапува сензационалистички без да води сметка дека може да поттикне негативни реакции врз етничка основа кај дел од публиката. Натаму, новинарот во својот прилог користи само еден извор, човек кој можеби е повреден од она што се случило со неговото внуче, и не настојува да ја одбегне субјективноста, да го истражи настанот собирајќи ги фактите и од другите засегнати страни и да даде целосна слика за она што се случило. Новинарот тоа не го направил. Напротив, со сугестивните прашања, како на пример ,,Мислите дека се одмаздува на бебето бидејќи мајката не зборува македонски јазик?", тој дури уште повеќе може да ја разбранува јавноста и да поттикне негативни чувства и реакции врз етничка основа.

Комисијата заклучи дека медиумот не побарал одговори на спорните прашања кај другите вклучени во приказната. Не направил обид или не сочекал да добие потврда од ниту една друга страна во сторијата, туку се потпрел само на исказот на дедото на бебето и снимките на модринки врз бебето. Не објавил ниту еден друг исказ од претставник на медицинската установа или на институција, ниту пак ги навел фактите што се појавија по објавувањето на сторијата, како што е споменувањето на дијагнозата на бебето од којашто е можно појавување на модринки и при најмал контакт со него. Напротив, медиумот додал оган со тврдењето дека е „извршено насилство над тримесечно бебе и дека персоналот на клиниката го нападнал бебето"! Сето тоа можел да го избегне ако побарал и други соговорници, ако побарал друго мислење, односно ако ги навел фактите од сите засегнати страни, оставајќи и на публиката сама да донесе заклучок за настанот.

Комисијата заклучи дека станува збор за неодговорно новинарство, при што медиумот директно обвинува медицински лица за тешко кривично дело, а притоа непоткрепено со ниту еден друг извор, освен исказот за сомневање од дедото на бебето. Покрај тоа, преку поставување наведувачки прашања до соговорникот, извртување на контекстот со претпоставки наместо со факти, новинарот извлекол неточни заклучоци. Комисијата смета дека третманот на темата е сензационалистички, видеосторијата е направена во манир на пропаганден материјал, односно таа воопшто не наликува на новинарски производ. Напротив, медиумот со таквиот пристап создал високосензитивна дезинформација.

Оттаму, Комисијата заклучи дека во видеосторијата што ја пласирал медиумот јасно се прекршени членовите 1 и 8, а има елементи на прекршување и на членовите 10 и 13 од Кодексот на новинарите на Македонија:

Член 1
Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи.
Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

Член 8
Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми.

Член 10
Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка припадност…).

Член 13
Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

Покрај тоа што констатира прекршување на Член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, Комисијата потсетува и на следните обврски од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите:

1.1 Онлајн медиумите ќе известуваат само врз основа на факти чие потекло му е познато на новинарот, повикувајќи се на различни извори на информации и, по правило, потпирајќи се на јасно идентификувани и веродостојни извори.

2.1 Онлајн медиумите, при известувањето секогаш ќе настојуваат да ги сослушаат и претставаат сите спротивставени страни.

10.1 Имајќи ја предвид опасноста по поединците, групите или целото општество, онлајн медиумите нема никогаш да поттикнуваат омраза или нетрпеливост врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, ...

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

13.2. Онлајн медиумите, при пренесувањето тврдења на политички субјекти или други извори, ќе настојуваат секогаш кога е тоа можно да ги проверат тие тврдења, односно да не бидат само пренесувачи на “сервирани факти“ од некој друг. Со тоа, на публиката ќе ѝ овозможат да прави разлика меѓу фактите и шпекулациите или дезинформациите, особено кога станува збор за важни и актуелни случувања и теми.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **едногласно** одлучи како што е погоре образложено.

Во расправата за оваа точка учествуваа следните членови на Комисијата: Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Димитар Мицев, Снежана Трпевска, Жана Божиновска, Зуриета Јахјага и Тамара Чаусидис.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595